РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 08-992/1
01.11.2024 ГОДИНА.

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 34 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/2019 и 7/2020), донесувам:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на 53-та седница на Советот на Општина Крушево

СВИКУВАМ 53-та седница на Советот на Општина Крушево на ден 07.11.2024 година (четврток) со почеток во 10,00 часот со следниот предлог:

-Разгледување и усвојување на записниците од 51-та седница одржана на 02.10.2024 година и 52-та седница одржана на 17.10.2024 година од Советот на Општина Крушево.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2024 година;
2. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проектот „Промовирање на циркуларната економија кака фактор за ефикасност на ресурсите и заштита на животната средина во прекуграничната област;
3. Предлог-Одлука за доделување на месечна субвенција на секој ученик од Општина Крушево кој ќе се запише во прва година во СОУ „Наум Наумовски-Борче„ Крушево во учебната 2025-2026 година;
4. Предлог-Одлука за отстапување на движни ствари сопственост на Општина Крушево на ООУ „Никола Карев“ Крушево;
5. Предло-Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година;
6. Предлог-Програма за зимско одржување на улици и општински патишта во Општина Крушево со оперативен план за сезона 2024/2025 година.
7. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите за 2025 година;
8. Советнички прашања.

Седницата ќе се одржи во Кабинетот на Градоначалникот на Општина Крушево.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Андреј Николоски, с.р.**